| | |
|---|---|
| **Неделна Тема** | Пораки на пролетта |
| **Содржина на денот** | „Личам на...“ |
| **Возраст** | Од 3-4 години |
| **Воспитувач** | Мр. Сања Алексоска |
| **Дневни активности** | |
| **Здрави и безбедни навики** | Разговарајте со детето за значењето на секојдневната физичка активност за здравјето на телото и посочете безбедни игри во кои може да учествуваат и возрасни и деца од семејството. |
| **Активности** | Развојот на интелектуалните и менталните способности на децата се потпира на когнитивниот развој кој во предучилишниот период претставува динамичен прогресивен процес. Когнитивниот развој обединува неколку сегменти како што се: препознавање, обработка, организација и соодветна употреба на дадената информација. Процесот на когнитивниот развој вклучува комплекс на ментални активности како истражување, откривање, презентирање, сортирање, класифицирање и меморирање, помнење, развивање на имагинацијата.<br>Денешните предлог активности се посветени на усвојување на геометриските форми во секојдневното опкружување.<br>Започнете со детето да истражувате во вашата непосредна околина и именувајте разни форми (круг, триаголник, квадрат, правоаголник). Споредувајте различни предмети и именувајте ги формите истовремено. Исечете од хартија во боја или бела форми на круг, квадрат, триаголник и правоаголник. Поставете ги на под и направете ленти помеѓу нив. Истражувајте заедно со детето која играчка на која форма личи и класифицирајте и сортирајте како на сликата во прилогот (слика 1);<br>Подвижна игра: Со хартиен селотејп налепете на подот форми (круг, квадрат, триаголник, правоаголник) и искористете играчка во форма на |

| | |
|---|---|
| | коцка на која ќе ги залепите формите кои претходно сте ги подготвиле (слика 2). Со детето играјте ја играта. Фрлете ја коцката и на која форма ќе застане коцката, скокнете на соодветно означената форма на подот (слика 3).<br>Игрите за формирање на множества од геометриски форми може да продолжи во разни варијанти зависно од интересот на детето. Во прилог се прикажани уште неколку едноставни игри кои ќе придонесат за полесно усвојување на формите кај децата на оваа возраст (слика 4 и 5). |